Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-1475/1
датум 06-07-2026

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

Министерот за правда со решение бр. 08-527/1 од 25.02.2026 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ“ бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2026 година.

Комисијата за надзор на ден **20.04.2026** година во **10:30** часот, согласно Планот за надзор бр. 08-2554/1 го започна надзорот во **Основен суд Прилеп** за контролниот период од 2024 до 2026 година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2024 година до 2026 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателот на судот Јасмина Шишковска Стојковиќ, судскиот администратор Сашо Темелкоски и раководител на одделение за информатика Орде Јованоски.

Во Судската зграда е сместено јавното обвинителство Прилеп, кое за својот дел учествува во месечните режиски трошоци.

Во Основниот суд Прилеп пополнетоста на судиски места е 50%, односно од 18 предвидени места пополнети се само 9, а еден судија е делегиран во Основниот суд Битола, со што процентот на пополнетост опаѓа.

Претходно дадените препораки за потребата од пополнетост на судот со судии и судска служба и самостојно сместување на судот во судската зграда не се исполнети.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

## 1. Програма за работа и извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет

Су бр.48/24 од 16.04.2024 година, Су бр.15/25 од 17.01.2025 година 04 Су бр.56/25-1 од 29.12.2025 година
Извештај за реализација Су бр.48/24-1 од 15.01.2025 година, Су 15/25-1 од 26.01.2026 година.

## 2. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)

Во судот се организирани два оддела граѓански и кривичен оддел. Во граѓанскиот оддел постапуваат 5 судии, а во кривичен оддел 4 судии.
Од април 2025 година извршен е избор на нови судии двајца во граѓанско и двајца судии во кривична материја, кои во првите две години постапуваат по предмети согласно закон.
Во кривичен оддел постапуваат четворица судии од кои еден судија за малолетници прекршоци, претходна постапка и извршување на санкции.
Само еден судија кој е делегиран од Основен суд Битола до јули 2026 година постапува по сите кривични полнолетни предмети.
Недоволен број на судии и судска служба влијае на резултатите на судот и покрај нивниот вложен труд. Од овие причини Комисијата апелира да се реагира на препораките во однос на потребата секој суд со проширена надлежност да е пополнет со најмалку 20-25 судии и потребен број на судска служба од 75% на пополнетост од систематизација, односно итно спроведување на процесот на дигитализација и подобрување на условите за работа на судот преку подобрена инфраструктура, ИТ и технички услови за работа, опрема и канцелариски материјали.
Особено е значајна улогата на информатичарите и обуките во судот за идните дигитални алатки, со кои би се олеснила работата на судовите, односно електронско водење на предметите и судење на далечина. Повеќе од 15 годишното паралелно водење на предметите во хартиена форма и електронски преставува значаен административен товар за намалениот број на судии и судска служба.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Оттука, во следниот период е клучно инвестирањето и одржувањето на нов АКМИС и опремување на судовите со современи и модерни технологии, кои ќе одговорат на потребите на граѓаните.

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Распоредот бил менуван само заради заминување и доаѓање на нови судии. Увид во хартиена форма на следните годишни распореди:
Су бр.55/23 од 29.12.2023 година за 2024 година, Су бр.30/24 од 29.12.2024 година, Су бр.36/25-1 од 02.01.2025 година, Су бр.30/24-2 од 04.02.2025 година измена заради заминување на судија времено упатен во суд, измена Су бр.30/24-3 од 03.04.2025, заради избор на нови судии, измени заради нов избран делегиран судија Су. бр.30/24-3 од 04.07.2025 година, Су бр.30/24-3 од 05.09.2025 година судија претходно делегиран од Битола истек на рокот.
Су 56/25 од 29.12.2025 година нема измени.

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Дежурство за време на одмори : Су 77/24 од 08.07.2024 и 04 Су бр.30/25 од 10.07.2025.

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Формирана е Оддел за информатика како посебна организациона единица. Во судот е вработен еден информатичар, со звање Раководител на ИТ оддел - Орде Јованоски.

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Не е формиран оддел за судска практика во судот
Со Годишните распореди за работа определени се судии за судска пракса во граѓанскиот и кривичниот оддел на судот. Во канцеларијата на претседателот на судот се доставуваат предметите за увид од Апелационен суд, заклучоци од Врховен суд се следат на седница на оддел, а стручните соработници ги следат пресуди на ЕСЧП.

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Претседателот на судот е истовремено и портпарол на судот.
Судија Јане Јаковоски е лице за односи со јавноста.

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Во судот судски администратор Сашо Темелкоски редовно донесува распоред за судската служба во судот. Увид во хартиена форма на следните акти:

Су бр.19/23 од 28.12.2023 година, Су 17/24 од 30.12.2024 година, Су бр.19/25 од 30.12.2025 година.
Пополнетоста на судската служба е 68 судски службеници од 121 судски службеници согласно систематизација. Во судот има само 8 стручни соработници, 9 судски полицајци, записничари - 14, доставувачи 8.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2024, 2025 и 2026 година**

Службени белешки за извршен надзор на ден 17 април 2024 година Су 6/2024-1 и од Су 6/2024-2 од 27.11.2024 година .
На ден 17.03.2025 година Су бр.7/2025 -1, на ден 3.12.2025 03Су бр.7/2025-2 од 03.12.2025 година.
На ден 26.02.2026 година, службена белешка заведена под Су 9/26.

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници, Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Седници се одржуваат еднаш месечно, но и еднаш на два месеци.
Записник заведен под СУ.бр. Су 40/2025-4 од 02.07.2025 година
Су бр.25/2026-3 од 24.03.2026 година.
Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници.
Увид во записници од граѓански оддел СУ.бр. 28/2026-1 од 05.03.2026 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

11. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Месечни извештаи до судски совет се доставуваат редовно.
Годишен извештај за работа на судот за 2024 година - Су бр. 13/2025.
Су бр. 04/2026 од јануари 2025.

12. **Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Прилеп за 2024, 2025 и 2026 година**

Апелациониот суд Битола редовно врши надзор за стари нерешени предмети, најавена е посета за мај 2026 година. Претходно, во 2024 година бил извршен увид и за функционалноста на АКМИС.

13. **Надзор над работата на нотарите**

Надзор над работата на нотарите се врши редовно, преку достава и анализа на извештаите од нотарите, во текот на 2025 година бил одржан состанок во однос на таксата кај договорите за доживотна издршка.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

14. **Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Обуките на вработените ги извршува информатичарот во судот и тоа по потреба кога има нови вработени или новитети во системот.
Информатичарот во судот редовно посетува специјализирани ИТ обуки во организација на АСЈО.

15. **Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

Набавена е мал дел нова ИТ опрема - пет персонални компјутери и два МФУ во 2026 година. Генерално, информатичката опрема ги задоволува потребите на судот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Пасивната мрежа има потреба од обнова на пасивен свич и има простор за подобрување. Сервер собата ги задоволува минимално неопходните стандарди.

**16. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид**

Список на кориснички групи се изготвува редовно за секоја година. Комисијата направи увид во документите 07 Су.бр.18/24 од 30.12.2024 година и 07 СУ.бр.20/25 од 31.12.2025 година, и истите се уредно заведени во АКМИС

**17. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)**

Изготвени се Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС за контролираниот период

**18. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Извршен беше увид во АКМИС за календар на дежурства за 2025 и 2026 година и беше констатирано дека истите се внесени.

**19. Скенирање на влезни документи**

Во основен суд Прилеп интензивно се скенираат докуметите во влезното одделение, со пет активни скенери.

**20. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Надзорната комисија беше информирана, дека електронското прифаќање на предметите од страна на судиите се врши редовно.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**21. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Судски службеник задолжен за АКМИС е информатичарот на судот согласно Список на кориснички групи.
Автоматска распределба на предмети се врши во писарниците од страна на уписничарите за секој оддел засебно, секој ден во 14 часот.
Прераспределбата ја вршат уписничарите со асистенција на информатичарот во судот.

**22. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2024, 2025 и 2026 година (175 став 5 СД)**

Исклучување/вклучување на судии од автоматска распределба се врши за отсуства подолги од пет работни дена, а поради престанување на судиска функција, делегиран судија од друг суд или поради избор на нови судии, со уредно изготвени Одлуки и Решенија за исклучување и повторно вклучување.
Увид во Следните одлуки за исклучување/вклучување: Су.бр.33/25-3 од 03.04.2025, Су.бр.12/25-10 од 27.02.2025, Су.бр.12/25-41 од 26.12.2025, Су.бр.94/25-5 од 21.07.2025 и СУ.бр.32/26-1 од 12.03.2026 година.
Истите уредно се внесени во АКМИС системот како акти.

**23. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2024, 2025 и 2026 година**

Направен беше увид во хартиена форма и во АКМИС системот на Решенија за изземање на судија за период од ноември 2024 до денот на надзорот. Изземањата се најчесто поради блиски роднински релации или новоизбран судија. Констатирано беше дека сите одлуки за изземање на судија се уредно заведени во АКМИС системот. Увид во следните изземања:
СУ-ИЗЗ-26/26 од 07.04.2026, СУ-ИЗЗ-12/26 од 22.01.2026, СУ-ИЗЗ-123/25 од 31.12.2025, СУ-ИЗЗ-86/25 од 09.10.2025, СУ-ИЗЗ-73/25 од 16.09.2025, СУ-ИЗЗ-71/25 од 18.09.2025, СУ-ИЗЗ-38/25 од 26.06.2025, СУ-ИЗЗ-21/25 од 30.04.2025, СУ-ИЗЗ-3/25 од 17.01.2025

**24. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2024, 2025 и 2026 година**

Не се врши рачна распределба.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

25. **Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

Беше извршен увид во АКМИС за случајно одбрани предмети за 2025 и 2026 година до денот на надзорот:

- П1-133/25 - примен и поднесен на ден 21.08.2025 година, автоматски распределен на ден 21.08.2025 година, примен кај судија на ден 25.08.2025 година, автоматска прераспределба на ден 05.03.2026 поради изземање
- Ро-439/25 - поднесен, примен и автоматски распределен на ден 10.09.2025 година, примен кај судија на ден 12.09.2025 година
- МАЛВП -119/25 - поднесен и примен на ден 19.03.2025 година, автоматски распределен на ден 23.03.2025 година, примен кај судија на ден 24.03.2025 година, и прераспределба автоматска на ден 08.04.2025 година поради изземање
- К-320/25 - поднесен и примен на ден 21.07.2025 година, автоматски распределен на ден 21.07.2025 година, примен кај судија на ден 04.08.2025 година и прераспределба автоматска на ден 10.10.2025 година поради изземање
- ПРКО-О-252/24 - поднесен и примен на ден 19.12.2025 година, автоматски распределен и примен кај судија на ден 19.12.2025 година, прераспределба автоматска на ден 08.01.2026 година поради изземање
- Ро-5/26 - поднесен на ден 25.12.2025 година, примен и автоматски распределен на ден 02.01.2026 година, автоматска прераспределба на ден 16.01.2026 година поради изземање
- П3 бр.7/24 - поднесен на ден 21.09.2021 година, примен на ден 15.10.2024 година, распределен рачно преку АКМИС и примен кај судија на ден 15.10.2025 година, прераспределба автоматска на ден 21.01.2025 година поради изземање
- МАЛВП-331/2025 - поднесен и примен на ден 08.10.2025 година, автоматски распределен на истиот ден и примен кај судија на ден 09.10.2025 година
- К-18/26 - поднесен, примен и автоматски распределен на ден 09.01.2026 година, примен кај судија на ден 12.01.2026 година

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**26. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

Во 12:30 часот во Основен суд Прилеп има вкупно 17 предмети кои се примени на денот на надзорот и треба да бидат автоматски распределени во 14 часот од страна на уписничарите по оддели.
На денот на надзорот нема автоматски распределби повеќе од еднаш во ист ден.

**27. Уписници што се водат во хартиена форма**

Во Основен суд Прилеп нема уписници во хартиена форма.

**28. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Во судот има вкупно девет судници. Во пет од нив има инсталирано функционална опрема за тонско снимање. Опремата се користи од страна на само еден судија.
Во 2025 година реализирани се вкупно 99 судења со тонско снимање, а во 2026 до денот на надзорот 28 судења.

**29. Електронска достава**

Електронската достава функционира до адвокати со пријавени електронски сандачиња. Во судот се вработени осум курири, а трошоците за пошта кои ги плаќа судот за достава по пошта изнесува околу 4000 евра. Преку системот за електронска достава во 2025 година се доставени вкупно 2362 акти, а во 2026 година до денот на надзорот се доставени вкупно 1912 акти.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**30. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2024, 2025 и 2026 година (член 16 СД)**

Су бр.10/26 од 16.01.2026 година.

**31. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2024, 2025 и 2026 година по предлог на работното тело**

Су бр. 26/2025 година од 23.01.2025 година, Су 9/26 од 21.01.2026 година.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**32. Внатрешни процедури**

Су бр.27/2025 од 23.01.2025 година, Су бр.11/26 од 15.01.2026 година.

**33. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Увид во следните извештаии: Су бр. 03 Су 7/25-1 од 19.02.2025 година, 03 Су 9/26- 2 од 23.03.2026 година.

## ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**34. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Информирањето на јавноста за резултатите од работењето на судот се врши на веб страницата на судот.

**35. Огласна табла на судот**

Има огласна табла на влез во судот.
Видео дисплеите за истакнување распореди за судењата се во функција, иако сеуште работат на оперативен систем Windows Vista.

**36. Простории за судии поротници и за адвокати**

Обезбедени се и посебно означени простории за судии поротници и за адвокати.

**37. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2024, 2025 и 2026 година**

Не се објавуваат правосилните одлуки на веб страната на судот, од причина што намален е бројот на стручни службеници кои треба да работата на анонимизирање на одлуките пред нивно објавување.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

### 38. Архива

Просторија со средни услови за чување на предметите, лесно се достапни и приодот кон нив, истите се нумерирани по години, хигиената е на задоволително ниво

| ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВА СУДОТ |
|---|

### 39. Прашања за кои претседателот на судот, судскиот администратор или судската служба при вршењето на работите во судот можат да укажат дека им го отежнуваат работењето во врска со АКМИС или општо ефикасното работење на судот.

Недостигот на судии и континуираниот одлив на судски службеници заради пензионирање и непополнувањето на испразнетите работни места во изминатиот период значително ја отежнува работата на судската служба и судот во целина. Во претстојниот временски период овој проблем ќе биде уште поизразен бидејќи до крајот на тековната 2026 и во 2027 година претстои пензионирање на уште 8 (осум) судски службеници од сите категории а најмногу стручни судски службеници и дактилографи. Ваквата состојба го отежнува ефикасното организирање на работата на судот и ажурното постапување по судските предмети.

Увидот заврши на ден 20.04.2026 во 12:40 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk